# Конкурс за студентска мобилност во рамките на Еразмус + програмата за летниот семестар

Согласно Erasmus + Повелбата за Високо Образование (Erasmus Charter for Higher Education) за периодот 2014-2020 година и склучените меѓуинституционални Еразмус договори, Институтот за бизнис економија објавува конкурс за студентска мобилност во рамки на Еразмус + програмата, за избор на студенти за студентски престој во времетраење од еден семестар во летниот семестар во академската 2018/2019 година и пракса во времетраење од 2 до 5 месеци.

Мобилноста се остварува во рамките на високообразовни установи со кои ИБЕ има склучено институционални договори (Види листа на Еразмус + договори), како и во соодветни компании од програмски земји за реализирање на студентска пракса.

Услови за избор:

1. студентот да има статус на редовен студент на Институтот за бизнис економија;
2. остварениот успех за време на досегашното студирање;
3. бројот на претходни учества на Еразмус+ мобилности.

Заинтересираните кандидати потребно е да ја достават следната документација:

1. апликација/пополнет договор за учење или пракса;
2. кратка биографија;
3. мотивациско писмо;
4. препораки од професори;

5. потврда за редовен студент и за претходни учества на Еразмус + мобилност и
6. уверение за положени испити.

Според правилата за Еразмус+ мобилност, студентите пред заминување на мобилност задолжително треба да полагаат за јазична лиценца.

Заинтересираните кандидати може да се обратат за информации кај Еразмус координаторот, м-р Љупчо Вангелски, до кого се доставуваат документите за аплицирање.

**Рокот за аплицирање е од 15.11.2018 до 04.12.2018 година.**

Еразмус координатор,

м-р Љупчо Вангелски